РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-497/3

08-10-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,),постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 39-та седница одржана на 07.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3547/1 од 15.07.2019 година оформен по пријавата поднесена на 15.07.2019 година од непознат подносител (анонимна пријава), во врска со наводи за сомневања за незаконитости во извршување на Решението бр. 04-9474/1 од 21.09.2018 година донесено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ----------, со кое лицето ------, вработен во Секторот Шумска полиција, на кого иако бил отстранет од работното место и му било утврдено да му се исплатува 50 % од висината на плата се до донесување на правосилна пресуда, му се исплатувало 100% од плата, доаѓал секој ден на работа и користел службени мобилни броеви и службена канцеларија на кои немал право на користење согласно наведеното Решението.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3547/1 од 15.07.2019 година, од причина што во конкретниот случај постапиле други надлежни орган (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, правосудни органи) кои согласно своите законски надлежности презеле конкретни дејствија и донеле соодветни одлуки.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3547/1 од 15.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во извршување на Решението бр. 04-9474/1 од 21.09.2018 година донесено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ----------, со кое лицето -------, вработен во Секторот Шумска полиција, на кого иако бил отстранет од работното место и му било утврдено да му се исплатува 50 % од висината на плата се до донесување на

правосилна пресуда, му се исплатувало 100% од плата, доаѓал секој ден на работа и користел службени мобилни броеви и службена канцеларија на кои немал право на користење согласно наведеното Решението.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-497/1 од 24.01.2020 година со кое побара од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија во рамките на своите законски надлежности да достави целосна информација за конкретниот случај поврзан со донесеното Решение бр. 04-9474/1 од 21.09.2018 година за отстранување на лицето ----------------, вработен во Секторот Шумска полиција односно дали во конкретниот случај во целост било постапено согласно споменатото Решение, или доколку не е, од кои причини не се постапило во конкретниот случај согласно донесеното Решение.

Од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија до ДКСК беше доставен Одговор на барање и достава на податоци и информации со број 12-497/2 од 07.02.2020 година.

Од направениот увид во приложените документи ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

Причината поради која била донесено Решението за отстранување од работа бр. 04-9474/1 од 21.09.2018 година за работникот -------------, било доставено Известување од Основното јавно обвинителство Кочани -Јавен обвинител ------------ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со кое известило дека против работникот ---------, вработен како заменик командир на шумско полициската станица Кочани-Сектор за шумска полиција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бил подигнат Обвинителен предлог КО бр.99/2018 од 31.08.2018 година поради сторено кривично дело Фалсификување службена исправа од член 361 став 1 од Кривичниот законик. По приемот на ова Известување, министерот донел Решение за отстранување од работа на споменатиот работник со број 04-9474/1, кое Решение од негова страна било обжалено пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, а потоа и била поднесена тужба пред надлежен суд, како и изјавена жалба пред надлежен суд. Поради користење на правни лекови против донесеното Решение за отстранување од работа, Министерството започнало да го спроведува Решение за отстранување од работа на споменатиот работник со број 04-9474/1 откако му била доставена правосилна и конечна одлука - Пресуда од Апелациониот суд во Штип број РОЖ 229/19. Почнувајќи од 16.05.2019 година на работникот ----------, Министерството му исплатило надоместок на плата од 50% од износот на платата која ја остварил во месецот пред отстранување од работното место. Во меѓувреме била поведена кривична постапка по Обвинителен предлог од Основното јавно обвинителство Кочани пред Основниот суд во Кочани. По донесување на Пресуда од Апелациониот суд во Штип со број КЖ 243/19, била потврдена Пресудата на Основниот суд Кочани со број К.119/19 од 29.05.2019 година со која обвинетиот --------- од Кочани бил ослободен од обвинение. По донесување на Пресудата на Апелациониот суд во Штип број РОЖ 243/19, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство било донесено Решение со број 04-10419/1 со кое претходното Решение со број 04-9474/1 за отстранување од работа на споменатиот работник било укинато по што на вработениот бил вратен на работа и започнало да му исплатува целосен износ на плата.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапиле други надлежни орган (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, правосудни органи) кои согласно своите законски надлежности презеле конкретни дејствија и донеле соодветни одлуки.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk